Врз основа на член 77-и од Законот за културата („Службен весник на РМ„ бр.31/98,49/03,82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13,187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16,11/18 и 11/18) и член 22, став( 1) точка 12 од Статутот на Националната установа Завод и Музеј Штип бр. 01-202/1 од 23.07.2019 година, на предлог на директорот, Управниот обор на НУ Завод и Музеј Штип донесе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Бр. 01-147/1
25-05-2021 год.
ШТИП

# П Р А В И Л Н И К

**за формата и содржината на интерниот оглас, како и на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за унапредување, како и начинот на нивно бодување**

## I. Основни одредби

**Член 1**

Со овој Правилник поблиску се уредува формата и содржината на интерниот оглас и на пријавата за унапредување, начинот на спроведуваше на селекцијата за унапредувањето , како и нашинот на нивното бодување во зависност од категоријата и нивото на работното место за кое објавен интерниот оглас за унапредување на давателите на јавни услуги во културата во Република Северна Македонија во Национална Установа Завод и Музеј Штип ( во понатамошниот текст НУ Завод и Музеј Штип).

## II. Форма и содржина на интерен оглас

**Член 2**

Постапка за унапредување има за цел да им овозможи на давателите на јавни услуги во културата, вработените во НУ Завод и Музеј Штип кариерно напредување, односно преминување од пониски на повисоки работни места и истата започнува со објавување на интерен оглас за спроведување на постапката за унапредување од пониско на повисоко работно место во НУ Завод и Музеј Штип. Одлука за пополнување на слободно работно место по пат на објавување на интерен оглас ја донесува директорот, по добиена согласност за обезбедени финансиски стедства за унапредување на давателите на јавни услуги во културата.

Интерниот оглас за спроведување на постапка за унапредување од пониско на повисоко работно место во НУ Завод и Музеј Штип, се објавува во електронска форма на веб страницата на НУ Завод и Музеј Штип или на огласна табла на НУ Завод и Музеј Штип и истиот особено содржи :

- логото и целосниот назив на НУ Завод и Музеј Штип;
- основ за објавување на интерниот оглас;
- број на интерен оглас;
- за секое поединечно работно место во огласот: реден број, шифра, назив и број на извршители;
- за секое различно работно место во огласот: општи услови (согласно закон и/или колективен договор), посебни услови ( образование, работен стаж, општи и посебни работни компетиции како на пр. Познавање на странски јазик, работа со компјутери) и други услови согласно актот за систематизација на НУ Завод и Музеј Штип;
- за секое различно работно место во огласот: распоред на работно време, почеток и завршеток на дневно и неделно работно време

- за секое различно работно место во огласот: паричен нето износ на нето плата;
- рок на доставување на пријава за унапредување ;
- на кој начин и каде треба да се поднесе пријавата за унапредување
- кратка информација за начинот на спроведување на постапката за селекцијата (интервју);
- напомена дека кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од понатамошната постапка.
- напомена да не му е изречена дисциплинска мерка на кандидатот во последната година пред објавувањето на интерниот оглас;

## III. Начин на спроведување на постапката за унапредување

**Член 3**

Спроведување на постапката за унапредување се однесува на давателите на јавни услуги кои што се вработени во НУ Завод и Музеј Штип, согласно Законот за култуар и Законот за вработените во јавниот сектор и тоа:

- сите нивоа на вработени од категоријата Д, во која спаѓаат стручни работници во заштита на културното наследство- конзерватор советник, виш конзерватор и конзерватор; Кустос советник, Виш кустос, Кустос.
- сите нивоа на вработени од категоријата Ѓ, во која спаѓаат соработници во заштита на културното наследство – Препаратор, Друг соработник во заштита на културно наследство – Геолог

Спроведување на постапката за унапредување се однесува на давателите на јавни услуги кои се вработени во НУ Завод и Музеј Штип кои се вработени на неопределено време и со договор на определено време.

Рокот на пријавување на интерниот оглас изнесува 5(пет) дена, од денот на неговото објавување.

**Член 4**

Сите даватели на јавни услуги кои се вработени во НУ Завод и Музеј Штип и на кои се однесува постапката за унапредување имаат право да поднесат пријава по објавениот интерен оглас за унапредување до архивата на НУ Завод и Музеј Штип.

Пријавата содржи лични податоци, образование тековно работно место, работно искуство и друго. Во прилог на пријавата се доставуваат и докази за податоците во пријавата , кратка биографија – CV и мотивационо писмо. Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност, да потврдат дека податоците во пријавата и доставените документи се точни.

Селекцијата на кандидатите за унапредување се спроведува најдоцна 10 дена од истекот на рокот за поднесување на пријава за унапредување.

Селекцијата на кандидатите за унапредување ја врши Комисијата за селекција на унапредување ( Комисија) формирана со Одлука од Директорот на НУ Завод и Музеј Штип, која е составена од претседател и двајца членови и/или нивни заменици кои се истакнати во својата професионална работа и се носители на стручни библиотечни звања (виш библиотекар, советник).

Претседателот и членовите на Комисијата, како и нивните заменици, треба да бидат на ниво на работно место исто или најмалку едно ниво повисоко од нивото на работно место за кое се води постапка за унапредување.

**Член 5**

Комисијата за селекција на унапредување врши проверка на исполнетоста на условите за унапредување на кандидатите кои се пријавиле на интерниот оглас, согласно Правилникот за систематизација на работни места на НУ Завод и Музеј. Постапката за унапредување се состои од две фази: селекција и интервју.

Селекцијата се состои од проверка на пријавата за унапредување со условите утврдени од овој Правилник и доставените документи.

Кандидатите кои ги исполнуваат условите утврдени во интерниот оглас, продолжуваат во втората фаза, односно интервју.

За кандидатите кои при селекцијата ќе се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во интерниот оглас, постапката за селекција завршува.

По завршувањето на селекцијата, Комисијата составува записник.
Комисијата за селекција за унапредување после увидот во документите на пријавените кандидати изготвува предлог ранг листа на кандидати кои ја поминаа првата фаза од постапката и истата ја доставува до Директорот.

Доколку на интерниот оглас за унапредување на даватели на јавни услуги од категоријата Г, се пријавиле повеќе кандидати од бројот на слободни места, Комисијата за селекција на унапредување изборот го врши врз основа на оценката за ефектот, стручноста и компетентноста на кандидатите преку севкупниот придонес во развојот на институцијата.

За унапредување на даватели на јавни услуги со засновај работен однос на неопределено или определено работно време, Комисијата пристапува кон интервјуирање на кандидатите за унапредување.

Интервјуто се врши од страна на Комисијата така што се поставуваат прашања во усна или писмена форма, мотивациони прашања (организациски способности, професионални знаежа, вештини, мотивација и визија на кандидатите за унапредување за соодветното работно место). По завршување на интервјуто Комисијата составува записник кој ги содржи следните податоци датум, место и време на одржување на интервјуто, број на оглас, датум на објава на огласот, за секое различно место од огласот шифра и назив на работното место, број на извршители, податок за вкупниот број на интервјуирани кандидати, како и име, презиме и потпис на претседателот и членовите на комисијата или нивните заменици.Комисијата врши рангирање на кандидатите со оценка од 5-10.

**Член 6**

Согласно Записникот од спроведеното интервју и рангирањето на кандидатите Комисијата изготвува предлог на кандидат за унапредување и истиот го доставува до директорот на НУ Завод и Музеј Штип најдоцна во рок од три дена од извршеното интервју.

Директорот на НУ Завод и Музеј Штип во рок од три дена од денот на добивање на предлогот од Комисијата е должен да донесе одлука за унапредување и истата ја доставува до кандидатите и одлуката се објавува на веб страната или на огласната табла на институцијата.

Против одлуката на директорот, незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена од приемот на Одлуката да поднесе жалба до Управниот одбор на НУ Завод и Музеј Штип.

Управниот одбор на НУ Завод и Музеј Штип поднесената жалба може да ја отфрли како нецелосна, ненавремена или недозволена, да ја одбие жалбата како неоснована и да ја потврди одлуката на директорот или да ја усвои жалбата, да ја укине

одлуката на директорот и предметот да го врати на повторно разгледување и одлучување.

Одлуката по поднесената жалба Управниот одбор на НУ Завод и Музеј Штип ја носи со мнозинство гласови од вкупниот број на членови и должен е истата да ја донесе најдоцна во рок од 8 (осум)дена по приемот на жалбата.

Одлуката на Управниот одбор на НУ завод и Музеј Штип со која жалбата на незадоволниот кандидат се отфрла како нецелосна, ненавремена или недозволена и одлуката со која жалбата на незадоволниот кандидат се одбива како неоснована и се потврдува одлуката на директорот е конечна.

Во рок од три дена од конечноста на одлуката за избор на кандидат за унапредување, директорот на НУ Завод и Музеј Штип носи решение за унапредување на повисоко ниво на работно место.

**IV.Преодни и завршни одредби**

**Член 7**

Овој Правилник може да се измени и дополни на начин и постапка како и при неговото донесување, согласно Законот за културата.

**Член 8**

Овој Правилник стапува на сила со денот на неговото донесување.

Датум

Управен одбор при
НУ Завод и Музеј Штип

Претседател

Петар Деспотов